Градоначалник

Република Северна Македонија
Општина Неготино

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 04-961/2
18.12.2023 год
НЕГОТИНО

Врз основа на член 48 став (4) од Законот за Административни службеници (,,Сл.весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Сл.весник на Република Северна Македонија" број 275/2019 и 14/2020), и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас , начинот на поднесување на пријавата за унапредување на административен службеник, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто , како и начинот на бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас (,,Службен весник на Република Македонија" бр.11/15 и 35/18), Општина Неготино објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР. 03/2023

за унапредување на 1 (еден) административен службеник во општина Неготино

Општина Неготино објавува интерен оглас за унапредување на 1(еден) административен службеник за следното работно место :

1.***<u>НАЗИВ НА РАБОТНО МЕСТО</u>*:** Советник за координација на општинските буџетски корисници.
***<u>ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА</u>*:** Одделение за финансиски работи, Сектор за финансиски прашања
***<u>БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ</u>*:** (1) еден
***<u>ШИФРА</u>* :** УПР 01 01 В01 000
***<u>НИВО</u>*:** В1

***<u>ОПШТИ УСЛОВИ</u>*** :

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место ,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

***<u>ОПШТИ РАБОТНИ КОМПЕТЕНЦИ</u>* :**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

***<u>ПОСЕБНИ УСЛОВИ</u>***:

- **стручни квалификации :** ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации стекнати најмалку <u>240 кредити според ЕКТС</u> или завршен <u>VII/1 степен</u> , Општествени науки, Економија и бизнис;

- **работно искуство :** најмалку 3 (три) години работно искуство во струката ;

***<u>ПОСЕБНИ РАБОТНИ КОМПЕТЕНЦИ</u>*** :

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

***<u>РАСПОРЕД НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ:</u>***

- Работни денови: од Понеделник до Петок
- Работни часови неделно: 40 часа
- Почеток на дневно работно време: од 07:30 часот до 08:00 часот
- Завршеток на дневно работно време : од 15:30 часот до 16:00 часот
- Паричен износ на збирот од делот од основната плата со кој се вреднува: минимална плата , степен на образование , додаток на плата за звање изнесува: **<u>35.160,оо денари.</u>**

На интерниот оглас може за да се јават административни службеници вработени во општинската администрација во општина Неготино, кои ги исполнуваат општите и посебните услови пропишани за работното место, како и:

- да е оценет со оценка ,,А" или ,,Б" при оценувањето во 2022 година,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас.

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следниве докази во скенирана форма:

-потврди за успешно реализирани обуки или
-потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник)

Административниот службеник се пријавува со пополнување на пријава објавена во прилог на интерниот оглас.

Пополнетата пријава со потребната документација треба да се достави до архивата на општина Неготино и до службената електронска адреса: *<u>info@negotino.gov.mk</u>*.

Рокот за пријавување изнесува 5(пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на веб страната на институцијата.

**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавените административни службеници ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја фаза од постапката на веб страната на општина Неготино и тоа:

Фаза 1 - административна селекција се спроведува најдоцна 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидатите

Фаза 2 - интервју се спроведува во рок од 5 (пет) дена по завршување на фаза 1 админстративна селекција

**НАПОМЕНА: Административниот службеник кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.**

Градоначалник,
Горан Стојанов

________________________

Изработил :Елизабета Камчева
Одобрил : Ивица Златковиќ
Согласен : Марија Нацева